**Изработила: Ирина Ѓерасимоска, ОУ Братство Единство-Охрид**

| Почеток на неделата: **датум:**<br>**број на час: 21** | | | Единица: **Алгебра и решавање проблеми П1**<br>**Трансформирање алгебарски изрази преку извлекување на моном како заеднички множител - 2** | | | Одделение **VII** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Време | Цели на учење | Критериуми за успех | Активности | | Ресурси | Доказ за постигнување |
| | | | Опис | Форми и техники | | |
| 10 мин | -Презентира концизни, поткрепени аргументи за да ги образложи решенијата или генерализациите користејќи: симболи, дијаграми или графици.<br>-Работи со броеви, алгебарски изрази и равенки и применува често користени алгоритми. | -Можам да презентирам концизни, поткрепени аргументи за да ги образложам решенијата или генерализациите користејќи: симболи, дијаграми или графици<br>-Можам да работам со броеви, алгебарски изрази и равенки и применува често користени алгоритми. | Наставникот ги истакнува критериумите за успех и насловот на наставната единица. Им поставува на учениците решени задачи во кои треба да обележуваат искази со употреба на знак за штиклирање ( $\sqrt{\ }$ ) или икс ( X )- Активност 1 од работен лист. Бара да ги решаваат самостојно за одредено време.<br>Дискутираат за тоа зошто погрешните изрази се погрешни. | И<br><br>Техника Минутна работа | -Работен лист - Активност 1 | Работен лист<br>Набљудување, прашања, одговор, дискусија |
| 20 мин | -Поедноставува или трансформира алгебарски изрази преку извлекување на моном како заеднички множител.<br>-Презентира концизни, поткрепени аргументи за да ги образложи решенијата или генерализациите користејќи: симболи, дијаграми или графици. | -Можам да трансформирам алгебарски изрази преку извлекување на моном како заеднички множител.<br>-Можам да презентирам концизни, поткрепени аргументи за да ги образложи решенијата или генерализациите користејќи: симболи, дијаграми или графици. | Наставникот на сите ученици им поставува задача-Активност 2 од работен лист и бара да запишат и да објаснат како поинаку може да се запише $16p^2+8p$. *Дали има подобар начин да се изрази* $16p^2+8p$?<br>Наставникот објаснува на конкретен пример дека факторизацијата е обратно од ослободување од заградите.<br>Објаснува дека кога некој израз се факторира, целта е да се земе најголемиот заеднички делител на изразите надвор од заградата. | П<br><br>Техника Стоп | -Работен лист - Активност 2<br>-Работен лист - Активност 3<br>-Нивоата 1 до 3 од овој веб-сајт овозможуваат пракса поврзана со факторизација:<br><br>http://www.transum.org/software/SW/Starter_of_the_day/Students/Factorising.asp<br>Ниво 1: | Работен лист<br>Набљудување, прашања, одговор, дискусија |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | <br><br>Потоа им поставува конкретни примери за решавање самостојно во три нивоа: од 3-за најдобрите до 1 ниво за најслабите ученици, а во парови да вршат проверка на решенијата по понуден клуч. Се истакнуваат најуспешните ученици. (ако има можност активноста се реализира на компјутер, а ако нема пристап до интернет се работи во работен лист- Активност 3). | | константен фактор<br>Ниво 2: варијабилен (променлив) фактор<br>Ниво 3: константен и варијабилен (променлив) фактор | |
| 10 мин | -Поедноставува или трансформира алгебарски изрази преку извлекување на моном како заеднички множител.<br>-Работи со броеви, алгебарски изрази и равенки и применува често користени алгоритми. | -Можам да трансформирам алгебарски изрази преку извлекување на моном како заеднички множител.<br>-Можам да работам со броеви, алгебарски изрази и равенки и применува често користени алгоритми. | Учениците се организирани во истите парови од претходно. Наставникот преку прашања на конкретен пример ги насочува (Работен лист-Активност 4) со цел да размислуваат правилно и точно да ја решат поставената задача. Ја надгледува нивната работа. Бара да прочитаат како решиле. Наставникот дава дополнително објаснување за решената задача. За крај им ја задава Активност 5 од работен лист и откако ќе решат вршат проверка еден со друг во паровите. | П<br><br>Техника Пауза за разјасну-вање | -Работен лист - Активност 4<br><br>-Работен лист - Активност 5 | Работен лист<br>Набљудување, прашања, одговор, дискусија |
| Организација Детали за диференцијација/ групи/ улога на возрасен ( поврзано со активностите) | | | Забелешки / можности за проширување/ домашна работа | | | Клучна терминологија |
| Во воведниот дел од часот учениците работат самостојно при реализација на Активност 1. Наставникот ја надгледува работата и дава дополнително објаснување.<br>Во реализација на активност 2, 3,4 и 5 учениците се организирани во парови според нивните предзнаења и можности. | | | **Проширување на знаењата на учениците кои завршиле:**<br>Дополнителни задачи како тие во Активност 3.<br>**Домашна работа:** Учебник/работна тетратка | | | проширување<br>проширува<br>член<br>алгебарски израз<br>заеднички делител<br>најголем |

| | | |
|---|---|---|
| На паровите во кои учениците имаат потешкотии при реализација на активност, наставникот им дава дополнително објаснување.<br>Се бара сите ученици да се рамноправно вклучени во реализација на поставените барања. Наставникот ја поддржува работата на паровите и дава дополнително објаснување ако има потреба. | | заеднички делител поедноставува извлекување множител пред заграда<br>И-индивидуално<br>П- работа во парови |

**Изработила: Ирина Ѓерасимоска, ОУ Братство Единство-Охрид**